# НЕСРЕЌЕН ДЕН

Вчера беше мојот несреќен ден.

Утрото кога сечев леб, си го пресеков прстот.



Потоа кога одев на училиште, се сопнав и паднав. Коленото многу ме болеше.



На одморот за ручек се судривме со Диме. Сега имам џумка на главата.



Кога се вратив дома си ги фатив прстите на вратата. Тоа многу ме болеше и јас викав силно.



Вечерта мајка ми ми рече: "Оди во твојата соба и одмори се. Денес не треба да пишуваш домашна работа."



I а) По кој ред се случија овие работи?

Ставете број:

☐ Сашо си ги фати прстите на вратата.

☐ Сашо се сопна и падна.

1 Сашо си го пресече прстот.

☐ Сашо се судри со Диме.

б) Што го болеше Сашо вчера?

ракате коленото окото

главата ушите прстите

в) Што му рече мајка му на Сашо вечерта?

Најдете ги зборовите во приказната и потцртајте ги.

г) Ставете ги овие зборови каде што треба:

ПОПЛАДНЕ УТРО ПЛАДНЕ НОЌ ПРЕТПЛАДНЕ ВЕЧЕР

1. Кога изгрева сонцето тогаш е ____________________.
2. Токму во 12:00 саатот е ________________.
3. Пред 12:00 саатот е ________________________.
4. После 12:00 саатот е ______________________.
5. Кога ќе зајде сонцето тогаш е ______________.
6. Кога ќе се стемни тогаш е ______________.

## II ДЕЛОВИ НА ТЕЛОТО

а) Крстозбор








| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| коса | око | лице | уста | нос | уво | чело |
| глава | рака | нога | лакт | колено | прсти | нокти |

б) Одберете го точниот збор:

1. Со носот дишеме и мирисаме.
2. Со ушите ________.
3. Со очите ________.
4. Со устата јадеме и ________.
5. Со нозете ________.
6. Со рацете ________.

| |
|---|
| слушаме |
| фаќаме |
| зборуваме |
| мирисаме |
| гледаме |
| одиме |

в) Како велиме за повеќе?



око ____о ч и____

уво ____________

рака ____________

нога ____________

прст ____________

заб ____________

III ВЧЕРА ДЕНЕС УТРЕ

Денес е понеделник.

Вчера беше недела. Утре ќе биде вторник.

а) Напишете вчера, денес или утре:

____________ грее сонце. 

____________ ќе дува ветер. 

____________ врнеше дожд. 

б) Напишете за времето и нацртајте:

Денес ________________________________

________________________________

Вчера ________________________________

________________________________

Утре ________________________________

________________________________

# 6. ШТО ИМАШ ЗА РУЧЕК

I Напишете ги испуштените зборови:

Мајка ми секогаш ми ____________ сендвичи за ручек. Еден ден имам ____________ со сирење, другиот ден со салама. ______ сендвичот секогаш има домат или краставица. Јас најмногу ____________ сендвич со чоколадо. Мајка ми вели дека тоа не ______ добро за мене.

II Одберете го точниот збор:

1. Јас имам (една / едно) сестра.
2. Јас нацртав ( еден / едно ) маче.
3. На плажата имаше ( две / два ) деца.
4. Џемперот на Сашо е многу ( убав / убаво ).
5. Јас не сакам ( кисела / кисели ) бонбони.
6. Слаткото е ( благо / благи ).

III Напишете ги испуштените букви во овие зборови:

| | | | |
|---|---|---|---|
| П | _ еток | _ учек | си _ ење |
| Р | мо _ ков | то _ ка | _ ладне |

# 7. НЕСРЕЌЕН ДЕН

I Напишете ги испуштените зборови:

Во неделата сите дома ______________ болни. Томе падна од столот и си ја удри ________________. Сестра ми си го пресече __________________. Татко ми го болеше забот. _____ играв тенис. Миле ме удри ______ топчето по окото. Потоа ______________ ми беше сино.

Вечерта мајка ми ја ________________ главата.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| прстот | окото | јас | болеше | бевме |
| ногата | со | | | |

II Одберете го точниот збор:

1. Вчера Ѓупчо ( падна / паднав ).
2. Јас си го ( пресече / пресеков ) прстот.
3. Ние ( се судривме / се судривте ).
4. Тие си ги ( фатив / фатија ) прстите на вратата.
5. Вие ги ( турнавте / турна ) чашите.
6. Миле, ти ли ја ( скршив / скрши ) вазната?

III Напишете ги испуштените букви во зборовите:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Б | _ оли | се _ рати | _ ечер |
| В | _ рата | _ еше | со _ а |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ц | _ умка | о _ ак | _ лава |
| Г | _ емпер | _ рее | ко _ а |